# УСТАВОТ ГО ГАРАНТИРА ШТРАЈКОТ, А ЗА МИНИСТЕРОТ – ТОА Е СРЕДСТВО ЗА УЦЕНА

## РАЗГЛЕДУВАЈЌИ ГИ НАЈНОВИТЕ СОСТОЈБИ ВО ВРСКА СО ГЕНЕРАЛНИОТ ШТРАЈК СОВЕТОТ НА СОНК ГИ ДОНЕСЕ СЛЕДНИВЕ ЗАКЛУЧОЦИ

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. М. ( СОНК ), на попладневната седница одржана на 29-01-2015г, разгледувајќи ги најновите состојби во врска со Генералниот штрајк, по неколку часовна расправа ,едногласно ги донесе следниве

З А К Л У Ч О Ц И

1. Советот во целост ги прифати јасните пораки од страна на сите синдикални организации на СОНК, кои осми ден се во штрајк, за продолжување на Генералниот штрајк, се додека ресорните министерства не започнат социјален дијалог со СОНК и додека не се договорат заеднички прифатливи решенија по Барањата.
   Советот исто така, едногласно ја изрази и неговата цврста определба за почитување на изразената подготвеност на членовите, без разлика колку долго ќе трае штрајкот, истите да истраат со одржување на истиот, се додека не се постигнат прифатливи решенија.

1. Врз основа на информациите добиени од Регионалните одбори на СОНК, со податоци за конкретни синдикални организации во повеќе установи, се констатира дека бројот на истите, кои дополнително

се вклучуваат во штрајкот, е се поголем, како и значаен број на нови зачленувања во Синдикатот, што е многу јасен аргумент дека СОНК успева да ја докаже исправноста на постапката за започнување на штрајкот и оправданоста на барањата и покрај големите притисоци и очигледната медиумска војна против СОНК од најголемиот број на електронски медиуми.

1. Советот оцени дека предлогот даден од страна на Министерот за образование и наука за прекинување на штрајкот , како услов да се продолжи со преговорите со СОНК, е само уште еден непобитен доказ за непочитување на Уставот и законите во Р. М. и тоа од многу високо државно ниво и отфрлајќи го овој предлог изразува очекување дека многу брзо ќе биде сфатен исклучителниот и многу погрешниот начин на притисоци врз СОНК и набрзо, согласно Уставот и законите, ќе престане бојкотот на законската обврска за преговори.
   Советот, исто така, изрази жалење за изјавите на Министерот , во врска со толкувањата на законите во делот на исплата на дневниците за деновите во штрајк, со што ги пречекори дури и своите надлежности со јавно изнесената негова одлука дека тоа ќе го направи СОНК! За ова прашање СОНК ќе изготви посебен документ ,со кој, согласно законските прописи, ќе утврди чија е обврската за плаќање на дневниците за време на штрајк.

1. Советот на СОНК, врз основа на констатациите дека секој ден евидентно се зголемува поддршката на СОНК за штрајкот и оправданоста на Барањата, од страна на огромен број родители, средношколци, студенти, универзитетски професори и др., како и голем број на невладини и непартиски организации, го овласти најтесното раководство на СОНК, да

стапи во контакт со истите, со цел да биде договорен начинот на кој може да ја конкретизираат нивната поддршка на СОНК. Во таа смисла Советот го реафирмира досегашниот принципиелен став за неучествување во политичко -партиски прашања, но ќе ја прифати поддршката на сите кои се легитимно организирани, врз основа на законите во државата и кои му изразуваат, исто така, легитимна поддршка на СОНК.

1. Советот расправаше и по предлозите , а од некои Региони формулирани како барања до Советот, за преземање на поенергични легитимни мерки, вклучително и организирање на централен протест во Скопје, или пак ,протести во поголемите градови и врз основа на тоа заклучи, Регионалните одбори наредните неколку денови, да извршат консултација со членството и врз основа на истото, Советот на СОНК да донесе конкретна одлука, на нова седница која ќе се одржи на 1-ви февруари

1. Се задолжува Стручната служба на СОНК, овие Заклучоци да ги достави до ресорните министерства, Интернационалата за образование, Европската конфедерација, Меѓународната организација на трудот, Комисијата на европската унија во Скопје, како и до сите синдикални организации, преку Регионалните одбори на СОНК.

1. Овие Заклучоци влегуваат во сила, со денот на нивното донесување.

Претседател
Јаким Неделков

СЛЕДНА СТАТИЈА
СОВЕТОТ НА СОНК ЕДНОГЛАСЕН: ТРПЕНИЕТО И КОРЕКТНОСТА НЕ СЕ БЕСКОНЕЧНИ

ПРЕТХОДНА СТАТИЈА
ДЕМАНТ